| **JM0** | **PARKOVI I ZELENILO (KAPITALNI RASHODI)** | **15.000.000** | **3.310.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.000.000** | **3.310.000** | **11.690.000** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 15.000.000 | 3.310.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 3.310.000 | 11.690.000 |
| **JN0** | **URBANA OPREMA (KAPITALNI RASHODI)** | **34.000.000** | **360.026** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **34.000.000** | **360.026** | **33.639.974** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 34.000.000 | 360.026 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34.000.000 | 360.026 | 33.639.974 |
| **K40** | **KULTURNI MANIFESTACII I TVORE[TVO** | **18.600.000** | **173.333** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **18.600.000** | **173.333** | **18.426.667** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 0 | 400.000 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 300.000 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 900.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 900.000 | 0 | 900.000 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 2.000.000 |
| 464 | Razni transferi | 15.000.000 | 173.333 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 173.333 | 14.826.667 |
| **L00** | **SPORT I REKREACIJA** | **29.000.000** | **4.474.650** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **29.000.000** | **4.474.650** | **24.525.350** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 1.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400.000 | 0 | 1.400.000 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 | 0 | 700.000 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 2.000.000 | 121.244 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 121.244 | 1.878.756 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 1.300.000 | 986.218 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.300.000 | 986.218 | 313.782 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 1.100.000 | 44.962 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 | 44.962 | 1.055.038 |
| 463 | Transferi do nevladini organizacii | 15.500.000 | 1.823.388 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.500.000 | 1.823.388 | 13.676.612 |
| 464 | Razni transferi | 7.000.000 | 1.498.838 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 | 1.498.838 | 5.501.162 |
| **LA0** | **SPORT I REKREACIJA (KAPITALNI TRO[OCI)** | **20.000.000** | **1.845.954** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.000.000** | **1.845.954** | **18.154.046** |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 2.000.000 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 18.000.000 | 1.845.954 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.000.000 | 1.845.954 | 16.154.046 |
| **N10** | **OSNOVNO OBRAZOVANIE** | **72.169.000** | **11.464.796** | **12.313.000** | **2.508.744** | **246.641.000** | **120.214.666** | **1.112.000** | **852.188** | **0** | **0** | **332.235.000** | **135.040.394** | **197.194.606** |
| 401 | Osnovni plati | 660.000 | 166.104 | 0 | 0 | 157.200.000 | 77.792.582 | 0 | 0 | 0 | 0 | 157.860.000 | 77.958.686 | 79.901.314 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 249.000 | 56.958 | 0 | 0 | 61.801.000 | 28.776.334 | 0 | 0 | 0 | 0 | 62.050.000 | 28.833.292 | 33.216.708 |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 3.500.000 | 0 | 545.000 | 50.560 | 45.000 | 13.800 | 701.000 | 561.180 | 0 | 0 | 4.791.000 | 625.540 | 4.165.460 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 21.060.000 | 1.747.722 | 1.729.000 | 379.106 | 21.280.000 | 12.356.426 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.069.000 | 14.483.254 | 29.585.746 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 20.100.000 | 5.044.183 | 2.979.000 | 497.148 | 2.280.000 | 458.817 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 25.379.000 | 6.000.148 | 19.378.852 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 17.100.000 | 3.565.796 | 1.695.000 | 396.996 | 1.329.000 | 268.430 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.124.000 | 4.231.222 | 15.892.778 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 1.500.000 | 60.786 | 1.752.000 | 428.041 | 979.000 | 213.797 | 71.000 | 1.584 | 0 | 0 | 4.302.000 | 704.208 | 3.597.792 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 700.000 | 22.476 | 1.688.000 | 482.827 | 785.000 | 207.198 | 320.000 | 289.424 | 0 | 0 | 3.493.000 | 1.001.925 | 2.491.075 |
| 464 | Razni transferi | 6.000.000 | 800.771 | 280.000 | 139.930 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.280.000 | 940.701 | 5.339.299 |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 100.000 | 0 | 915.000 | 112.171 | 510.000 | 89.066 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.525.000 | 201.237 | 1.323.763 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 1.150.000 | 0 | 670.000 | 21.965 | 392.000 | 38.216 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.212.000 | 60.181 | 2.151.819 |
| 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 50.000 | 0 | 60.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 0 | 150.000 |
| **NA0** | **OBRAZOVANIE (KAPITALNI RASHODI)** | **54.000.000** | **1.957.423** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **54.000.000** | **1.957.423** | **52.042.577** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 11.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.000.000 | 0 | 11.000.000 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 43.000.000 | 1.957.423 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 43.000.000 | 1.957.423 | 41.042.577 |
| **R10** | **ZA [ TITA NA @ IVOTNA SREDINA I PRIRODA** | **3.000.000** | **299.593** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.000.000** | **299.593** | **2.700.407** |
| 464 | Razni transferi | 3.000.000 | 299.593 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 299.593 | 2.700.407 |
| **V10** | **DETSKI GRADINKI** | **5.600.000** | **96.186** | **43.023.000** | **11.767.612** | **102.293.000** | **40.791.610** | **2.500.000** | **603.912** | **0** | **0** | **153.416.000** | **53.259.320** | **100.156.680** |
| 401 | Osnovni plati | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.960.000 | 26.042.614 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.960.000 | 26.042.614 | 31.917.386 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.442.000 | 9.632.883 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.442.000 | 9.632.883 | 12.809.117 |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 0 | 0 | 410.000 | 73.690 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 410.000 | 73.690 | 336.310 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 2.300.000 | 96.186 | 3.986.000 | 1.075.712 | 12.908.000 | 3.632.009 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.194.000 | 4.803.907 | 14.390.093 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 500.000 | 0 | 29.750.000 | 9.095.934 | 790.000 | 169.744 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.040.000 | 9.265.678 | 21.774.322 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 1.000.000 | 0 | 4.946.000 | 749.670 | 3.771.000 | 652.084 | 2.500.000 | 603.912 | 0 | 0 | 12.217.000 | 2.005.666 | 10.211.334 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 1.000.000 | 0 | 1.039.000 | 174.981 | 2.530.000 | 619.087 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.569.000 | 794.068 | 3.774.932 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 300.000 | 0 | 1.036.000 | 255.155 | 490.000 | 43.189 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.826.000 | 298.344 | 1.527.656 |
| 471 | Socijalni nadomestoci | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 20.000 |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 0 | 0 | 1.250.000 | 342.470 | 970.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.220.000 | 342.470 | 1.877.530 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 0 | 0 | 586.000 | 0 | 432.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.018.000 | 0 | 1.018.000 |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 500.000 |
| **VA0** | **SOCIJALNA ZA [ TITA I ZA [ TITA NA DECA (KAPITALI** | **34.800.000** | **760.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.000.000** | **0** | **48.000.000** | **0** | **107.800.000** | **760.000** | **107.040.000** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 34.800.000 | 760.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.000.000 | 0 | 48.000.000 | 0 | 107.800.000 | 760.000 | 107.040.000 |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6083/3**
**Датум:16.7.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017, 4/2018), во точка II.Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:
Во точка 5. „ Награди за полуматуранти- првенци на генерација“
Во точка 4. „Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба„
Во точка 6. „Прослава:1 Септември- Ден на првачињата Добредојдовте првачиња“

II. Во точка 5.„Награди за полуматуранти-првенци на генерација“, во делот Опис на активности после делот парична награда се додаваат зборовите и „наградно патување“. Во делот Предвидена финансиска рамка износот од 120.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 620.000,00 денари. Во делот „Трошоци“ се додава нова алинеја „-трошок за патување согласно понуда од избран понудувач“

**По изменувањето и дополнувањето точка 5 гласи:**

| 5. | **Награди за полуматуранти-првенци на генерација Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. За таа цел на крајот на учебната година се организира свечен прием кај Градоначалникот, на кој се доделуваат парични награди и наградно патување на најдобрите полуматуранти, првенци на генерација од основните училишта од општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е учениците да се наградат за нивниот успех и да се мотивираат за напредок во понатамошното образование. |
| **Очекувани резултати:** | -поттик за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси, изложби и сл; |

| | |
|---|---|
| | -создавање вистински вредности и навики кај учениците<br>-финансиско олеснување на родителите на учениците |
| Целна група: | 10 ученици - првенци на генерација од сите десет основни училишта на општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **620.000,00 денари** |
| Трошоци: | Парични награди за првенци-полуматуранти :<br>-10 ученици по 10.000,00 ден (плус персонален данок)<br>-трошок за патување согласно понуда од избран понудувач |

III. Во точка 4. „ Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба, во делот Предвидена финансиска рамка износот од 3.500.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 3.000.000,00

По изменувањето и дополнувањето точка 4 гласи:

| 4. | Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Општина Карпош организира летен одмор за ученици од основните училишта од Општина Карпош, кои припаѓаат на семејства во потешка материјална состојба.<br>Предвидено е летниот одмор да се реализира во месец август, со обезбедени сместување, храна и превоз. |
| Стратешки насоки и цели: | -Забава и дружење на учениците<br>-Пливање, спорт и рекреација<br>-Посета на културно-историски обележја на градот |
| Очекувани резултати: | -Поттик за поуспешен почеток на следната учебна година<br>-Осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците |
| Целна група: | Ученици од основните училишта од општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 3.000.000,00 |
| Трошоци | -Превоз, сместување, храна |

III. Во точка 6. „Прослава:1 Септември- Ден на првачињата Добредојдовте првачиња“, во делот Опис на активности, зборовите “книга (брошура) со информативна-едукативна содржина за општината, со посвета од Градоначалникот.“ се бришат и на нивно место се пишува „подарок“. Во делот Трошоци , во првата алинеа зборовите „училишен прибор“ и „130.000,00 ден“ се бришат и на нивно место се запишува „подарок“. Втората алинеа целосно се брише.

По изменувањето и дополнувањето точка 6 гласи:

| 6. | Прослава: 1 септември – Ден на првачињата „ Добредојдовте првачиња“<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | На првиот училишен ден секое прваче ќе добие подарок. Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат сите основни училишта и ќе им посакаат на децата успешен почеток на учебната година. |
| Стратешки насоки и цели: | Преку добивање на овој симболичен подарок, кај децата се буди чувство на среќа и радост, мотивираност за учење, дружење со другарчињата и запознавање со наставниците. |
| Очекувани резултати: | -Љубов кон книгата и учењето<br>-Училиштето да го прифатат како втор дом.<br>- запознавање на општината во која се родени и учат |
| Целна група: | Првачињата од училиштата од Општина Карпош (околу 700) |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000,00 денари |
| Трошоци: | -Набавка на подарок |

V. Во делот вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III.Финансирање“ износот од „34.147.000,00 денари“ останува непроменет.

VI. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/6
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за летен одмор на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за летен одмор на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/4
Датум:16.7.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 4. Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 18/2017 и 04/2018 ), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства за летен одмор на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош

### Член 1
Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за летување на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош.

### Член 2
Летувањето ќе се реализира во текот на месец август 2018 година.

### Член 3
Предвидена финансиска рамка во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година е во износ од 3.000.000,00 денари.

### Член 4
Се задолжуваат општинските основни училишта на територија на Општина Карпош да спроведат постапка за утврдување на бројката на учениците кои ќе летуваат врз основа на оваа одлука и да доставаат до Секторот за јавни дејности-Одделение за образование писмен документ за спроведената постапка.

### Член 5
Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 6**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/7
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за купување на периодични паркинг картици за корисници жители на Општина Карпош,од СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ- Скопје- трговски центар Скопје Сити мол**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за купување на периодични паркинг картици за корисници жители на Општина Карпош, од СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ- Скопје- трговски центар Скопје Сити мол, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6083/5**
**Датум:16.7.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 218 година, донесе

ОДЛУКА
**за одобрување на финансиски средства за купување на периодични паркинг картици за корисници жители на Општина Карпош,од СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ- Скопје-трговски центар Скопје Сити мол**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за купување до 45 периодични паркинг картици за 12 месеци, за корисници-жители на Општина Карпош од улица Љубљанска“ бр.1, „Волгоградска“ бр.1, „Волгоградска“ бр. 2, У.З. Карпош 4 и бул. Манапо бр.4 У.З. Карпош 3, од правното лице СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ- Скопје-трговски центар Скопје Сити мол, во износ до 599.400,00 денари со пресметан ДДВ.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише договор со правното лице СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ- Скопје-трговски центар Скопје Сити мол и да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/8
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на за одобрување на финансиски средства за закуп на паркинг места од Верополус Дооел Скопје-Веро 2-У.З. Владо Тасевски за корисници-жители на Општина Карпош од станбената зграда на ул.„Иво Лола Рибар“ бр.74**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за закуп на паркинг места од Верополус Дооел Скопје-Веро 2, УЗ Владо Тасевски, за корисници-жители на Општина Карпош од станбената зграда на ул.Иво Лола Рибар бр.74, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/6
Датум:16.7.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за одобрување на финансиски средства за закуп на паркинг места од Вереполус Дооел Скопје-Веро 2-У.З. Владо Тасевски за корисници-жители на Општина Карпош од станбената зграда на ул.„Иво Лола Рибар“ бр.74**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош одобрува финансиски средства за покривање на трошок за закуп на паркинг простор на 20 возила на жители од колективниот станбен објект на ул.Иво Лола Рибар бр.74 на паркингот на Веропулос ДООЕЛ-Скопје – Веро 2, У.З.Владо Тасевски, за период од 12 месеци.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише договор со правното лице Веропулос ДООЕЛ-Скопје и да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5838/9**
**Датум: 12.7.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на ОДЛУКА за давање согласност за кофинансирање на проектот „Спортско-адреналински парк-Карпош“, локација Кеј на река Вардар, на парцели 7060, 7082, 7084, 684, 685, 686, 689, 690 И 691, Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за кофинансирање на проектот „Спортско-адреналински парк-Карпош“, локација Кеј на река Вардар, на парцели 7060, 7082, 7084, 684, 685, 686, 689, 690 И 691, Општина Карпош донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/7
Датум:16.7.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за кофинансирање на проектот „Спортско-адреналински парк-Карпош“, локација Кеј на река Вардар, на парцели7060, 7082, 7084, 684, 685, 686, 689, 690 И 691 , Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за кофинансирање на проектот „Спортско Адреналински парк-Карпош“, локација Кеј на река Вардар, на локација Кеј на река Вардар, на парцели 7060, 7082, 7084, 684, 685, 686, 689, 690 И 691, Општина Карпош

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност Општина Карпош да аплицира на проектот за „Локална и регинална конкурентност“ финансиран од грант од Европска унија, администриран од Светска банка.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценеттата вредност на проектот ќе изнесува не повеќе од 68.572.500,00 денари или 1.115.000,00 евра, без пресметан ДДВ.

Процентот на кофинанисрањето на проектот од страна на Општина Карпош ќе биде не помалку од 10% и не повеќе од 15% или во износ од не повеќе од 10.285.875,00 денари или 167.250,00 Евра без пресметан ДДВ.

Средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/10
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за прифаќање на донација од „Млекара“ АД-Битола**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од „Млекара“ АД-Битола, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6083/8**
**Датум:16.7.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со член 4, точка 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седницата одржана на 12 јули 2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на донација од „Млекара“ АД-Битола

### Член 1

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа донацијата од „Млекара“ АД-Битола, во смисла на доброволна и безусловна помош во добра –поставување на урбана опрема “Фитнес зона Карпош 3“, која би се поставила на кејот на реката Вардар-Општина Карпош, поточно на КП 7060/1 Карпош со технички број: П-33/18 од 05.2018 година-елаборат изготвен од страна на Општина Карпош .

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Македонија.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/11
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за прифаќање на донација од “Веропулос“ ДООЕЛ-Скопје**

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од “Веропулос“ ДООЕЛ-Скопје, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/9
Датум:17.7.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со член 4, точка 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седницата одржана на 12 јули 2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за прифаќање на донација од “Веропулос“ ДООЕЛ-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на прималел на донација ја прифаќа донацијата “Веропулос“ ДООЕЛ-Скопје-давател на донација, во смисла на доброволна и безусловна помош во добра –опрема за детско игралиште која би била инсталирана во близина на објектот-Супермаркет Веро 2-нас. Тафталице, Општина Карпош, поточно на локација 18.8 која според ДУП има намена Д 3 -рекреација. Донацијата е со проценета вредност од околу 25.000 евра и истата ќе биде утврдена по конечното завршување на работите.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Македонија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5838/12**
**Датум: 12.7.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за прифаќање на донација од Пивара Скопје преку „ Публицис “, подружница на ММС Комуникации Македонија, ДОО-Скопје**

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Пивара Скопје преку „ Публицис “, подружница на ММС Комуникации Македонија, ДОО-Скопје, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6083/10**
**Датум:16.7.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со член 4, точка 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седницата одржана на 12 јули 2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за прифаќање на донација од Пивара Скопје преку „ Публицис “, подружница на ММС Комуникации Македонија, ДОО-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на прималел на донација ја прифаќа донацијата од Пивара Скопје преку „Публицис“, подружница на ММС Комуникации Македонија, ДОО-Скопје-давател на донација, во смисла на доброволна и безусловна помош во добра –Летниковец-правоаголен со димензии 3х3 со стреа 60см, дрвени столбови, висина од 200см, постамент за летниковец од 10см бетон, доколку е потребно и во зависност од самиот терен, поставен во УЗ Влае .

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од прималелот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Македонија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/13
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12, У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошево востание)**

1.Се објавува Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12 У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошево востание), донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/11
Датум:16.7.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12, У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошево востание)

### Член 1
Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош ја предава во владение и одржување на заедницата на сопственици електронската рампата за влез во паркингот на колективните стамбени објекти на ул.„Никола Русински“ бр.8, ул.„Никола Русински“ бр.10 ул.„Никола Русински“ бр.12, У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошево востание).

### Член 2
Вредноста на поставената опрема изнесува 158.813,00 денари со вклучен ДДВ.

### Член 3
Се задолжуваат стручните служби во Општина Карпош да ја предадат во владение и одржување рампата на заедницата на сопственици, како и опремата со пропратната документација.

### Член 4
Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор со заедницата на сопственици со кој електронската рампа ќе се предаде во владение и одржување на заедницата на сопствениците.

### Член 5
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5838/14**
**Датум: 12.7.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станови и деловни простории на ул.Лондонска бр.2, У.З.Тафталиџе 1**

1.Се објавува Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станови и деловни простории на ул.Лондонска бр.2, У.З.Тафталиџе 1, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/12
Датум:16.7.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станови и деловни простории на ул.Лондонска бр.2, У.З.Тафталиџе 1**

**Член 1**
Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош ја предава во владение и одржувањена заедницата на сопственици (заедницата на станови и деловни простории) електронската рампа на ул.Лондонска бр.2, У.З. Тафталиџе 1.

**Член 2**
Вредноста на поставената опрема изнесува 183.870,оо денари, со вклучен ДДВ.

**Член 3**
Се задолжуваат стручните служби во Општина Карпош да ја предадат во владение и одржување рампата на заедницата на сопственици, како и опремата со пропратната документација.

**Член 4**
Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор со заедницата на сопственици со кој електронската рампа ќе се предаде во владение и одржување на заедницата на сопствениците.

**Член 5**
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/15
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Волгоградска бр.1, бул.Партизански одреди бр.72а, бул.Партизански одреди бр.74, У.З.Карпош 4**

1.Се објавува Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Волгоградска бр.1, бул.Партизански одреди бр.72а, бул.Партизански одреди бр.74, У.З.Карпош 4, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/13
Датум:16.7.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Волгоградска бр.1, бул.Партизански одреди бр.72а, бул.Партизански одреди бр.74, У.З.Карпош 4**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош ја предава во владение и одржување на заедницата на сопственици електронската рампата за влез во паркингот на колективните стамбени објекти на ул. Волгоградска бр.1, бул.Партизански одреди бр.72а, бул.Партизански одреди бр.74, У.З.Карпош 4.

**Член 2**

Вредноста на поставената опрема изнесува 160.597,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Се задолжуваат стручните служби во Општина Карпош да ја предадат во владение и одржување рампата на заедницата на сопственици, како и опремата со пропратната документација.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор со заедницата на сопственици со кој електронската рампа ќе се предаде во владение и одржување на заедницата на сопствениците.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/16
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието на Општина Карпош за 2018 година**
**(за реализирање на проектот Меѓународна детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон“, подносител: Детски ликовен центар)**

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието на Општина Карпош за 2018 година (за реализирање на проектот Меѓународна детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон“, подносител: Детски ликовен центар), донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6083/14**
**Датум:16.7.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 8. Поддршка на проекти од областа на образованието, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 18/2017 и 04/2018 ), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**одобрување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието на Општина Карпош за 2018 година (за реализирање на проектот Меѓународна детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон“, подносител: Детски ликовен центар)**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр. 53-4049/1 од 09.05.2018 година, доставено од Детски ликовен центар - Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка за реализирање на Проектот - Меѓународна детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон“ во Септември 2018 година, врз основа на Точка 8. Поддршка на проекти од областа на образованието, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 18/2017 и 04/2018 ).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 230.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Детски ликовен центар - Скопје.

**Член 5**

Се задолжува баратеолот, Детски ликовен центар – Скопје, до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен инетерс - Одделение за образование, да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/17
Датум: 12.7.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош, бр.09-9287/28 од 26.12.2017 година и бр.09-1788/16 од 7.3.2018 година**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош, бр.09-9287/28 од 26.12.2017 година и бр.09-1788/16 од 7.3.2018 година, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6083/15**
**Датум: 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 162, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16, 67/2017 и 64/2018), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

## ОДЛУКА
**за изменување и дополнување на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош, бр.09-9287/28 од 26.12.2017 година и бр.09-1788/16 од 7.3.2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош, бр.09-9287/28 од 26.12.2017, донесена на петтата седница на Советот на Општина Карпош и изменувањето и дополнувањето на Одлуката бр.09-1788/16 од 7.3.2018 година донесена на осмата седница, на начин што во член 7, став 1 по зборот „јавно наддавање“ се додава „или по пат на прибирање писмени понуди“.

**Член 2**

Во член 14 по ставот 2, пред ставот 3, се додава нов став 3 кој гласи:
„Проценката за висината на потребните дополнителни вложувања ја утврдува училишниот одбор врз основа на предходно дадено мислење од страна на Комисијата од член 7 став 4. “
По изменувањето и дополнувањето стариот ставот 3 од овој член станува став 4.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денотна донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5838/18
Датум: 12.07.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за давање согласност на општинските основни училишта во Општина Карпош за започнување постапка за објавување јавен оглас за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на општинските основни училишта во Општина Карпош за започнување постапка за објавување јавен оглас за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6083/16<br>
Датум: 16.07.2018 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на дванаесеттата седница, одржана на 12 јули 2018 година, донесе

**Одлука**
**за давање согласност на општинските основни училишта во Општина Карпош за започнување постапка за објавување јавен оглас за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување јавен оглас за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош, согласно позитивните законски прописи

**Член 2**

